СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

---

# *П Р А В И Л А*
## *за организацијата и начинот на работа на Регионалната комора со седиште во Кичево*

*Јуни, 2015 година*

Врз основа на член 38 став 2 од Статутот на Стопанската комора на Македонија и Одлуката за утврдување на регионалните комори во рамките на Стопанската комора на Македонија бр. 07-256/4 од 28.01.2005 година и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на регионалните комори во рамките на Стопанската комора на Македонија, бр. 07-3077/4 од 14.12.2012 година, Регионалната комора со седиште во Кичево, на седницата одржана на 08.06.2015 година, д о н е с е

# ПРАВИЛА
## за организацијата и начинот на работа на Регионалната комора со седиште во Кичево

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овие Правила се уредува организацијата и начинот на работењето на Регионалната комора со седиште во Кичево (во натамошниот текст: Регионалната комора).

Член 2

Регионалната комора од член 1 на овие Правила е облик на територијално организирање и работење во рамките на Комората преку чие функционирање се обезбедува децентрализација на коморските задачи и активности и самостојно одлучување на членовите на Комората за работите и задачите од особено значење за регионот за чие подрачје е организирана.

Регионалната комора се организира за општините:
- Кичево;
- Македонски Брод;
- Пласница.

## II. ОСНОВНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Член 3

Основни цели и задачи на Регионалната комора се:

- разгледува прашања во врска со унапредувањето на производството, прометот и стопанските услуги и со тековните проблеми на стопанството за регионот за кој е организирана;

- разгледува предлози и иницира донесување на акти од надлежност на органите на Комората;

- разгледува прашања и иницира предлози за развој на претприемништвото во регионот;

- активно придонесува при утврдувањето на развојните и структурните приоритети на регионот, особено во конципирање ставови и предлози за стопанисување со просторот, екологијата, развојот на стопанската инфраструктура (локални патишта, енергетика, комунални работи, транспорт и сл.);

- иницира постапки за донесување на прописи и мерки од обласна на стопанството, од интерес за стопанството во регионот за кој е организирана или за стопанството во земјата;

- врши деловно-стручни и други услуги од сферата на инфраструктурата што е од интерес на стопанството во регионот;

- иницира и остварува соработка по прашања од заеднички интерес со членовите на Комората од соседните региони или со регионални комори од други земји, во согласност со програмските активности и општите акти на Комората;

- ги усогласува пројавените спротивности и различни интереси меѓу членовите на Комората во регионот;

- врши други работи од интерес на членовите, во рамките на надлежностите на Комората.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

### Член 4

Секој член на Регионалната комора ги има следните права и обврски:

- да бира и да биде биран во органите на Регионалната комора;
- да покренува иницијативи за донесување и да разгледува предлози на закони и други прописи, да дава мислење и предлози по прашања од интерес за стопанството од регионот и стопанството во целина;
- да користи стручна и друга помош, како и услуги кои ги врши Стопанската комора на Македонија;
- да користи деловни информации со кои Стопанската комора на Македонија располага;
- да се придржува кон одредбите на Статутот на Стопанската комора на Македонија, општите акти и други одлуки на органите на Комората, овие Правила, други акти и одлуки на органите на Регионалната комора;
- да учествува во обезбедувањето на средства за остварување на целите на зачленувањето, согласно одредбите на Статутот на Стопанската комора на Македонија.

## IV. УПРАВУВАЊЕ СО РАБОТЕЊЕТО НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА

### Член 5

Регионалната комора работи на пленарни седници, на кои можат да учествуваат претставниците на сите членови на Регионалната комора.

### Член 6

Регионалната комора на пленарна седница избира:

- Претседател на Регионална комора;
- Двајца заменици-претседатели на Регионалната комора и
- Управен одбор,

кои се избираат од претставници на членовите на Регионалната комора.

Управниот одбор е составен од 11 членови. Претседател на управниот одбор, по функција е претседателот на Регионалната комора, а замениците-претседатели на Управниот одбор, по функција, се замениците-претседатели на Регионалната комора.

Мандатот на претседателот на регионалната комора, на заменик-претседателите на регионалната комора и на членовите на Управниот одбор е 5 години, со можност за повторен избор.

### Член 7

Регионалната комора избира претставници во Собранието на Стопанската комора на Македонија, во број утврден со Одлуката за распишување избори за избор на претставници на членовите на Комората во здруженијата според дејности и во регионалните комори и претставници на здруженијата според дејности и на регионалните комори во Собранието на Стопанската комора на Македонија.

### Член 8

Управниот одбор на Регионалната комора се грижи за остварување на целите и задачите утврдени во член 3 на овие Правила, ги поттикнува, насочува и се грижи за остварување на активностите на членовите на Регионалната комора и презема други активности во насока на реализација на целите на членувањето во Стопанската комора на Македонија

### Член 9

Работите од својот делокруг Управниот одбор на Регионалната комора ги врши во согласност со Статутот на Стопанската комора на Македонија, овие Правила, програмите за работа на Комората и на Регионалната комора и интересите на членовите на Регионалната комора.

Член 10

Управниот одбор може полноважно да одлучува доколку е присутно мнозинството од членовите на Управниот одбор, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Управниот одбор.

Член 11

Претседателот ја претставува Регионалната комора, ги свикува и раководи со пленарните седници на Регионалната комора и со седниците на Управниот одбор и ги извршува одлуките и заклучоците, се грижи за остварување на соработка со регионални комори од други земји и врши други работи во врска со организирањето и раководењето со работата на Регионалната комора.

Претседателот во вршењето на работите од став 1 на овој член го заменува заменик – претседателот.

Во извршувањето на работите од својот делокруг претседателот на Регионалната комора работи во согласност со Статутот на Стопанската комора на Македонија и овие Правила.

Член 12

Во рамките на Регионалната комора може да се организираат и да дејствуваат секции, одбори и други форми на организирање и работење, заради ефикасно остварување на специфичните интереси во одредено подрачје, дејност и сл., а врз основа на покренати иницијативи од страна на членовите на Регионалната комора.

Одлуката за организирање и дејствување, односно за начинот на обезбедување средства за работа на формите на организирање и работење од став 1 на овој член ја донесува соодветната форма на организирање и работење.

## V. СОРАБОТКА СО ДРУГИ РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ, ЗДРУЖЕНИЈА И ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ

Член 13

По прашања од заеднички интерес, Регионалната комора соработува со други регионални комори, здруженија и други форми на организирање и работење во рамките на Стопанската комора на Македонија. По прашањата од заеднички интерес може да се организираат заеднички седници.

Регионалната комора може да остварува соработка со институции надлежни за прашања од интерес на членовите на Регионалната комора, во согласност со целите и задачите утврдени со Статутот и другите акти на Стопанската комора на Македонија.

Регионалната комора може да остварува соработка и контакти со други институции во земјата и во странство непосредно, согласно Статутот и другите акти на Стопанската комора на Македонија и посредно, преку надлежните органи на Стопанската комора на Македонија.

## VI. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА

### Член 14

Висината на фансиските средства потребни за работа на Регионалната комора се утврдуваат со Финансискиот план на Стопанската комора на Македонија, врз основа на програма за работа верифицирана од Собранието на Стопанската комора на Македонија.

За извршување на одредени работи од делокругот на Регионалната комора и на другите форми на организирање и работење, кои не се финансираат од придонесот, односно за финансирање на посебни активности што не се утврдени со годишната програма за работа на Стопанската комора на Македонија, членовите на Регионалната комора, како и другите форми на организирање и работење, можат да обезбедуваат наменски средства, односно да донесат одлука за обезбедување на средства за одделни специфични намени, со кои располагаат самостојно.

Средствата за посебни намени на Регионалната комора и другите форми на организирање и работење се водат на посебна подсметка во Стопанската комора на Македонија.

Наредбодател за користење на посебните средства се претседателот на Регионалната комора,односно формата на организирање и работење.

### Член 15

Овие Правила се објавуваат на огласна табла во Комората, во рок од три дена од денот на нивното донесување и влегуваат во сила од денот на нивното објавување.

Бр.55-11/3
08.06.2015
Кичево

Претседател,

Игор Соколески

Стопанска комора на Македонија
Регионална комора Кичево
КИЧЕВО